Врз основа на член 89 од Законот за средно образование , член 108 од Статутот на ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”-Охрид како и врз основа на одредбите од Правилникот за пофалување и наградување на учениците од ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”-Охрид, Училишниот одбор на ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”-Охрид на својата 27-ма редовна седница одржана на ден ________ 2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат:

1.Критериумите и начинот на номинирање на ученик на генерацијата.

Член 2

Номинирање и избор на ученик на генерацијата ќе се врши на крајот на секоја учебна година од ученици кои своето четиригодишно образование го здобиваат во ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”-Охрид.

Член 3

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати за изборот на ученик на генерацијата, а пак изборот на ученик на генерацијата од номинираните се спроведува по демократски пат.

## II. Посебни одредби

### II.1Предлагање

Член 4

Предлогот на кандидати за ученик на генерацијата се дава врз основа на следниве критериуми:

- Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година во текот на сите четири години
- Да учествувал на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето
- Вкупниот број на оправдани изостаноци во текот на школувањето да биде најмногу 10 по учебна година (изостаноците од болничките лекувања не се земаат предвид)
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 2 (за секоја учебна година поодделно)
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во проекти за унапредување на училиштето, да имал позитивни ставови и да се застапувал за основните човечко-морални особини: работливост, одговорност, чесност, искреност, скромност и племенитост.

Член 5

Предлогот на кандидати за ученик на генерација се врши во рамките на секоја паралелка од IV година.

Самиот чин, предлог за ученик на генерацијата може да произлезе од :

- класна заедница
- класен раководител
- предметен наставник, кој изведува настава во таа паралелка

II.2Нормирање

Член 6

За секој од предложените кандидати во секоја паралелка класниот раководител изработува бодовна листа врз основа на критериумите за номинација на кандидати за ученик на генерацијата.

Член 7

Бодови по било кој од критериумите за номинација, се добиваат само врз основа на валиден писмен документ.

Член 8

Критериуми за номинирање на кандидатите за ученик во генерација.

1. Среден успех на крајот на наставната година - се собира средниот успех од сите години.

2. Оправдани отсуства – при рангирањето на кандидатите, на секој кандидат кој има оправдани изостаноци, бројот на истите се множи со 0,1 со што се добива бројот на бодови кои треба да се одземат од вкупните бодови на кандидатот.

3. Неоправдани изостаноци

- се толерираат најмногу 2 неоправдани изостаноци по година
- За секој неоправдан изостанок во текот на школувањето се одзема 1 Бод
- Бројот на негативните бодови се собира и одзема од вкупниот број на бодови.

4. Натпревари– во случај ученикот - кандидати да учествувал и освојувал награди на регионални, државни и меѓународни натпревари, му се вреднуваат сите награди. И тоа

| | |
|---|---|
| ***Континуиран среден успех 5.00 во текот на сите четири години*** | 50 бодови |
| ***Учество на меѓународни натпревари***<br>1. За освоено прво место<br>2. За освоено второ место<br>3. За освоено трето место | <br>30<br>15<br>10 |
| ***Учество на државни натпревари***<br>1. За освоено прво место<br>2. За освоено второ место<br>3. За освоено трето место | <br>25<br>10<br>5 |
| ***Учество на регионални натпревари*** | |

| | |
|---|---|
| 1. За освоено прво место<br>2. За освоено второ место<br>3. За освоено трето место | 6<br>3<br>1 |
| ***Учество на распишани државни конкурси по разни поводи***<br>1. За освоено прво место<br>2. За освоено второ место<br>3. За освоено трето место | 8<br>5<br>2 |
| ***Учество на распишани општински конкурси по разни поводи***<br>1. За освоено прво место<br>2. За освоено второ место<br>3. За освоено трето место | 3<br>2<br>1 |
| ***Учество на натпревари со тим од училиштето*** | 5 |

5. Дополнителни активности на кандидатите:
5.1 За учество во проекти организирани од училиштето и постигнати резултати односно врз основа на извештај од одговорени професори во истите, кандидатот може да добие за секој проект -10 бодови
5.2За учество во проекти организирани надвор од училиштето и постигнати резултати односно врз основа на извештај од одговорени професори во истите, кандидатот може да добие за секој проект -10 бодови
5.3 За активно учество и организација на семинари, конгреси, дебати на ниво на држава и меѓународно ниво- 5 бодови

Член 9

Бодовните листи на предложените кандидати класните раководители ги предаваат во затворен коверт до Училишната комисија.

Член 10

Училишната комисија ја избира Наставничкиот совет и мандатот на нејзините членови трае четири години.

Училишната комисија ја сочинуваат седум члена ( три класни раководители, три предметни наставници, еден член од Совет на родители).

Член 11

Од сите предложени кандидати за ученик на генерацијата се изработува единствена ранг листа. Листата на номинирани кандидати за ученик на генерацијата се состои од сите кандидати кои освоиле најмалку 80% бодови од бодовите на кандидатот кој е на прво место на единствената ранг листа на предложени кандидати за првенец на генерацијата.

.

Член 12

Училишната комисија изготвува предлог ранг-листа од номинираните кандидати и ја доставуваат до наставничкиот совет. Наставничкиот совет ја усвојува ранг-листата.

Одлука за првенец на генерација донесува Наставничкиот Совет

Титулата првенец на генерација ја добива ученикот кој има најмногу бодови.

Во случај на повеќе кандидати со ист број на бодови, се одлучува со тајно гласање.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Резултатите ќе бидат соопштени од страна на директорот на свеченото прогласување на првенец на генерацијата.

Член 14

Првенецот на генерацијата добива диплома.

Член 15

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка утврдени за неговото донесување, од Училишниот Одбор.

Член 16

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Претседател на Училишен Одбор
Стојан Новески